ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА
ОСИГУРУВАЊЕ

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола

ул. „Јане Сандански" бр.15
7000 Битола, РС Македонија
тел.: +389 076 511 811
Даночен број: МК 400 2023571495
Жиро сметка: 210 077165670 158
НЛБ Банка АД Скопје

# - КЛАСА 6 -
# Осигурување на пловни објекти (каско)

# УСЛОВИ ЗА КАСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА ПЛОВНИ ОБЈЕКТИ ВО ВНАТРЕШНИ ВОДИ

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

# КЛАСА 6 - ОСИГУРУВАЊЕ НА ПЛОВНИ ОБЈЕКТИ (КАСКО)

## *УСЛОВИ ЗА КАСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА ПЛОВНИ ОБЈЕКТИ ВО ВНАТРЕШНИ ВОДИ*

## I. ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 1

Предмет на осигурување според овие Услови за осигурување на пловни објекти во внатрешни води се: трупот на бродот или чамецот (во понатамошниот текст пловни објекти) и нивниот погонски мотор и опрема. Пловниот објект е покриен со осигурување само додека е регистриран во регистарот на надлежната капетанија во пристаништето и додека има важечки документ за способноста на пловниот објект за пловидба и управување.

Горниот став не се однесува за чамци и останати пловила, кои според прописите не се должни да бидат запишани во регистерот, односно да имаат важечка дозвола за способност за пловидба, а можат да бидат предмет на осигурување според овие Услови за осигурување.

## II. ОСИГУРЕНИ РИЗИЦИ

### Член 2

Со осигурување се покриени следниве ризици:

1. Незгода за време на пловење како што се : судир, удар, насукување, отпловување - загубување, потонување и други непредвидени надворешни настани кои се во врска со пловидбата,
2. Удар од гром,
3. Елементарна непогода, освен земјотрес,
4. Пожар,
5. Оштетување на пловниот објект при влегување, излегување, префрлување или преместување на товар или гориво,
6. Експлозија на пловниот објект или надвор од него,
7. Удар во копнено превозно средство и паѓање на воздушни летала, или негови делови, или некои други предмети,
8. Последица на скриени мани и оштетени материјали на трупот, а се исклучува поправка и/или замена на материјалите или деловите на кои е утврдена маана или оштетување,
9. Незгода на пловниот објект при извлекување на крајбрежје или поринкување, дигање на сошка или приколка (или спуштање, пренесување во/од сместувалиштето во пречник до 10 км од местото на извлекување),
10. Кражба на пловниот објект или само на вградениот мотор,
11. Измама или недозволено користење на пловниот објект,
12. Со провална кражба покриени се: јарболот и котурот, веслата, кормилото, сидрата, јажињата, синџирите, тендите, ограда, (такелажа) и вонбродскиот мотор додека се наоѓа во заклучен и затворен простор во пловниот објект (кабина под палуба), или во заклучен и затворен склад на копно. Јарболите, веслата и слични предмети се покриени со осигурување ако се врзани со синџир или челично јаже и заклучен катанец прицврстени за цврст и неподвижен дел од пловниот објект. Вонбродскиот мотор покриен е против провална кражба

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

додека се наоѓа и на погонското лежиште на пловниот објект доколку е прицврстен на неподвижниот дел на пловниот објект, така што без употреба на сила, кршење или провална кражба не може да се украде,
13. Штети предизвикани од трети лица, или штети предизвикани со намера и невнимание од трети лица,
14. Невнимание на сервисерот кој врши поправка на пловниот објекти.

## III. ОСИГУРЕНИ ТРОШОЦИ

### Член 3

Со ова осигурување се покриени штетите и оштетувањата на пловните објекти во границите на договореното покритие како и трошоците кои настануваат во врска со осигурените ризици.

1. Потполна загуба на пловниот објект,
2. Делумна загуба и оштетување на пловниот објект (делумна хаварија)
3. Трошоци на спасување,
4. Трошоци предизвикани непосредно со настанување на осигурениот случај,
5. Награда за спасување,
6. Трошоци за процена и ликвидација на штета,
7. Заедничка хаварија.

## IV. ЦЕЛОСНА ЗАГУБА - ТОТАЛНА ШТЕТА

### Член 4

Во случај на тотална загуба на пловниот објект, од осигурувањето се надоместува штета во висина на неговата стварна вредност, но најмногу до осигурената сума наведена во полисата, односно ако е сумата договорена во висина на договорената вредност.

Како потполна загуба на пловниот објект се смета потонување без можност за вадење, уништување или загубување на пловниот објект, без вести за него во рок од 3 месеци.

Ако пловниот објект е загубен, се претпоставува дека потполна загуба настанала на денот кога се добиени последните вести за него.

Осигуреникот има право да бара надомест како да настанала потполна загуба во следниве случаи:

1. Доколку потполната загуба на осигурениот пловен објект е неминовна,
2. Доколку осигурениот пловен објект е украден и не е вратен на осигуреникот во рок од 3 месеци,
3. Доколку трошоците за спасување и поправка на пловниот објект ја надминуваат осигурената вредност,
4. Доколку оштетениот пловен објект не може да се поправи и ја загубил својата функцијата во тој случај се преземаат следниве мерки:

- Осигуреникот е во обврска веднаш, или најдоцна во рок од 60 дена откога дознал за околностите на кои се темели неговото право да поднесе со писмено барање со образложение до осигурувачот за исплата на надомест на штета.
- Барањето на осигуреникот спрема одредбата од 4тата точка треба да биде без услови и да се однесува на целиот пловен објект.
- Доколку осигурувачот не го оспори барањето на осигуреникот, во рок од 30 дена сметајќи

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

од денот кога е примено барањето од осигуреникот, има обврска штетата да ја надомести во смисла на одредбата од 1та точка.
- Доколку осигуреникот не сака да го користи правото на надомест на штета како да е настаната потполна загуба на пловниот објект, тогаш штетата ќе се надомести како посебна хаварија - штета.
- Доколку осигуреникот го задржи правото на остатоците на пловниот објект, од штетата ќе се одбие вистинската вредност на остатоците.
- Изведена целосна загуба се утврдува според конкретниот случај, спогодбено помеѓу осигуреникот и осигурувачот.
- Со исплата на надоместот за потполна загуба на пловниот објект, на осигурувачот му преминуваат сите права кои осигуреникот ги имал.

## V. ДЕЛУМНА ЗАГУБА (ПОСЕБНА ХАВАРИЈА)

### Член 5

Во случај кога е оштетен трупот на пловниот објект, од осигурувањето се надоместува штета во висина на потребните трошоци за поправка и доведување на пловниот објект во првобитната состојба без одбитоци ново за старо, најмногу до осигурената сума.

Кај делумните штети на погонски и помошните мотори и опремата на пловните објекти ако се постари од 10 години се одбива амортизација во висина од 10% сметајќи од износот на вкупните трошоци за поправка (вклучува цена на материјал и работна рака).

Доколку осигуреникот не може да набави доказ за староста на предметите, ќе се примени стапка на амортизација согласно законските прописи.

## VI. ТРОШОЦИ ЗА СПАСУВАЊЕ

### Член 6

Трошоците, кои настануваат поради избегнување на штетата од непосредните опасности или за смалување на веќе настанатата штета, осигуреникот ќе ги надомести од осигурувачот и тоа:

- Доколку се направени разумно или во согласност со осигурувачот и
- Доколку се направени во врска со ризик покриен од осигурување.

## VII. ТРОШОЦИ НЕПОСРЕДНО ПРЕДИЗВИКАНИ ОД НАСТАНУВАЊЕ НА ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

### Член 7

Трошоците на осигуреникот кои ќе настанат непосредно по настанувањето на осигурениот случај се надоместуваат од осигурување ако биле нужни и разумни и го вклучува секој трошок направен за смалување на штетата, како и другите трошоци кои се во врска со штетата ќе се сметат за покриени само до висината на штетата покриена со осигурување.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

# VIII. НАГРАДА ЗА СПАСУВАЊЕ

**Член 8**

Во случај на спасување на пловни објекти од ризиците покриени со осигурувањето, од осигурувањето се надоместува награда за спасување која осигуреникот е должен да ја плати и трошоците за утврдување на наградата.

Доколку осигурениот пловен објект е спасуван од друг пловен објект, на исти сопственик, ќе се примени начелото како пловните објекти да припаѓаат на разни сопственици, со тоа што правото на утврдување и висина на наградата ќе биде дадено на заедничка арбитража која заеднички ќе ја изберат осигуреникот и осигурувачот.

# IX. ТРОШОЦИ ЗА ПРОЦЕНКА И ЛИКВАДАЦВИЈА НА ШТЕТИ

**Член 9**

Трошоците, направени за процена и ликвидација на штета , осигурувачот ќе му ги надомести на осигуреникот и тоа:

- Доколку биле потребни и оправдани до одредена висина.
- Доколку се направени во врска со штетата покриена со осигурување.

# X. ЗАЕДНИЧКА ХАВАРИЈА

**Член 10**

Штетите кои настанале на осигурен пловен објект поради заедничка хаварија ќе се надоместат како посебна хаварија на начин и по условите на клаузулата "без заедничка хаварија" т.е. по клаузулата по која бродарот и натоварувачот на стоката се откажуваат од сите взаемни права и обврски во врска со штетата на пловниот објект или товарот од некој чин на заедничката хаварија.

# XI. НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

**Член 11**

Надоместот на штета ги опфаќа:

1. Вистинските трошоци кои се потребни за поправка и доведување на пловниот објект во првобитната состојба, или исплата на осигурената сума во случај на потполна загуба на пловниот објект,
2. Осигурувачот не ја надоместува штетата поради загубена вредност на пловниот објект до која дошло поради извршените поправки и/или заменетите делови.

Ако поради поправката на пловниот објект или замената на деловите се зголеми стварната вредност на пловниот објект од надоместот од осигурувањето се одбива зголемениот дел на вредноста која настанала на тој начин.

3. Прекувременото работење или работење на државни празници, трошоците за итен превоз на предметите за поправка на пловниот објект, се надоместуваат само во висина на часовите на редовното работно време, односно спрема тарифата за редовен превоз.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

4. Штетите настанати на пловниот објект при давање помош на друг пловен објект во опасност или спасување на имотот, ќе се надоместат по одбивањето на износот добиен од наградата за спасување, смален за делот кој отпаѓа на чиста награда за спасувачот, а франшизата од полисата не се зема во предвид.
5. Трошоците непосредно предизвикани со настанатиот осигурен случај, ако се разумно направени, а непосредно се поврзани со штетата.
6. Нужните трошоци кои се однесуваат на патувањето или на преносот на пловниот објект до местото на поправка ако е неопходно пловниот објект да се носи во некое друго место, бидејќи поправката на таква штета не може да се направи во местото каде пловниот објект се наоѓа или поправката не би била економски оправдана или стручно извршена и непосредно после поправката враќање до првобитното место.
Нужните трошоци за патување на пловниот објект вклучуваат привремено оспособување на пловниот објект за патување, влечење, трошоци за погонско гориво и премија на посебното пловидбено осигурување..
7. Трошоци за експертиза и ликвидација на штета.

**Член 12**

Трошоците за преглед на дното (коритото) на пловниот објект после насукување, доколку се разумно направени за таа цел, ќе се надоместат и покрај тоа што дополнително е утврдено дека пловниот објект не претрпел штета . Оваа одредба нема да се применува во случај на потполна загуба на пловниот објект.

**Член 13**

Трошоците за стругање, боја и бојадисување на пловниот објект нема да се надоместат од осигурувачот, освен трошоците за бојадисување на делот на кој е извршена поправка на штета покриена со осигурување, но исклучиво антивегетативни премаз.

После поправката на пловниот објект за естетскиот изглед осигурувачот не носи никаква обврска, посебно во однос на нијансата на бојата употребена во врска со поправката.

**Член 14**

Ако осигуреникот го извлече пловниот објект на суво за да изврши поправка на свој трошок, бидејќи таква поправка може да се изврши само ако пловниот објект е извлечен на суво, тогаш трошоците на извлекување и престој на суво ќе се поделат помеѓу осигурувачот и осигуреникот во однос 50:50% без оглед на вредноста и видот на работата која осигуреникот ја извршил на свој трошок.

**Член 15**

Штети од член 5, 7 и 10 од овие Услови за осигурување т.е. кај делумната загуба или оштетување на пловниот објект, трошоците кои непосредно произлегуваат со настапот на осигурениот случај, ќе се надоместат со одбивна франшиза, односно со самопридржување на осигуреникот како што е утврдено во полисата и во овие Услови за осигурување и во случај на пресметка на амортизација од член 5 .

Трошоците на извлекување кои се разумно направени со цел за спасување за да се избегне потполна загуба на некој дел од пловниот објект и ако таквата загуба е вистински избегната , нема да се смета за делумна штета и ќе се надомести без примена на франшиза, односно самопридржување на осигуреникот.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

**Член 16**

Ако осигуреникот, неоправдано ја одлага поправката на штетата , или таа штета не му претставува пречка за да го користи пловниот објект, осигурувачот има право да го смали износот за надоместот на штетата за оној дел на кој цената за поправката во меѓувреме пораснала во однос на цената кога поправката би се извршила во договоренот (разумен) рок.

**Член 17**

Осигуреникот има право за надомест на штета како аванс ако е направен записник за процена на оштетениот пловен објект и пред да се поправи или да се заменат изгубените делови, но не над проценетите трошоци за поправка на пловниот објект и замена на деловите во времето на настанување на штетата .

Ако вкупната штета не може да се утврди во разумен рок, осигурувачот е должен, на барање на осигуреникот , да исплати аванс до 50% од проценетата штета.

## XII. ИСКЛУЧЕНИ ШТЕТИ

**Член 18**

Од осигурување се исклучени следниве штети:

1. Штети настанати посредно или непосредно поради намерна постапка или крајно невнимание на осигуреникот.
2. Штети настанати посредно или непосредно поради мани или неспособност на пловниот објект за пловидба, доколку осигуреникот за нив знаел и можел да ги спречи последиците, освен ако осигурувачот за мааната или неспособноста на пловниот објект бил известен или дознал на друг начин додека се склучувал договорот за осигурување.
3. Штети настанати посредно или непосредно поради кантрабанди, криумчарење, забранета трговија, забранет риболов, забранета пловидба и сл., а во врска со тоа и запленување, задржување и сл.
4. Штети кои исклучиво се припишуваат на неизвршување на дефинитивната поправка од претходната штета, ако одлагањето на штетата не било во согласност со осигурувачот.
5. Штети настанати посредно или непосредно поради нуклеарна експлозија, радијација, радиоактивни производи или отпадоци, освен радиоактивни изотопи кои се употребуваат во индустрија, комерцијални, земјоделски, медицински или научни цели.
6. Штети кои настануваат поради натовар на опасен товар, доколку истиот не е сместен во склад според соодветните прописи.
7. Лом и крш на (погонски штети), погонски мотор, осовини, вентили и други технички направи и уреди,
8. Испаѓање на вонбродскиот мотор доколку тоа не е последица на осигурените ризици од овие услови.
9. Штети настанати како последица на навлегување на водата додека пловниот објект е врзан, а е незаштитен со церада (покривач).
10. Кинење или оштетување на укотвените и прицврзаните јажиња или синџири или штета на котвата.
11. Штети настанати поради неодржување, запуштеност, истрошеност и дотраеност. Ако посебно не е договорено со ова осигурување, не се покриваат:
12. Штети предизвикани од сопственикот или корисникот на пловниот објект поради

управување без соодветна возачка дозвола.
13. Штети настанати посредно или непосредно поради ризикот војна или воени операции и слични настани без оглед дали е војната објавена или не, тероризам, саботажа, револуциа, востание, граѓански немири, блокади, конфискации, а со тоа и запленување, застој и сл.
14. Штети настанати посредно или непосредно поради ризикот штрајк, прекинување на работата, отпуштање на работниците, работнички немири и сл.
15. Трошоци во врска со извлекувањето или отстранувањето на остатоците на пловниот објект или неговите делови, без оглед дали е тоа по наредба на власта или не.
16. Секакво барање од било која причина за штета на имотот, за смрт или телесна повреда, поднесено од било кој за осигурениот пловен објект.
17 . Загубено време од било која причина како и загубена заработувачка на осигурениот пловен објект од било која причина.
18. Рекламација на осигурениот пловен објект од било која договорена или вондоговорена обврска на превозникот, сопственикот, корисникот, управувачот, како од страна на нарачателот, корисникот и приемачот на товарот, патниците, екипажот, капетанот и било кое друго правно или физичко лице кое е во врска со товарот или пловниот објект.

**Член 19**

Ако поради постапката или согласноста на осигуреникот дошло до зголемување на ризикот, осигурувачот не е во обврска да ја надомести штетата која може да се припише на таквата промена на ризикот, освен кај спасувањето на луѓето во животна опасност (вклучува и давање на лекарска помош) или спасување на државен имот од поголема вредност или имот од поголема вредност што припаѓа на домашна или странска или меѓународна добротворна организација, или давање помош на друг пловен објект во незгода.

## XIII. ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

**Член 20**

Осигурувањето на пловниот објект започнува во 00 ,00 часот на оној ден кој во полисата е наведен како почеток на осигурувањето, а престанува во 24,00 часот на денот кој е наведен во полисата како ден на престанувањето на осигурувањето.

**Член 21**

Ако не е поинаку договорено, осигурувањето на пловниот објект на определено патување почнува кога пловниот објект ќе ја дигне котвата или се однесе до пристаништето од каде ќе тргне кое е наведено во полисата поради тргнување на осигуреното патување,а престанува кога пловниот објект ќе се укотви или заврзе во одреденото пристаниште наведено во полисата. Ако патувањето се прекине пред одреденото пристаниште по желба на осигуреникот, осигурувањето престанува во местото во кое патувањето е прекинато.
Пловниот објект е осигурен и за време на неодложните поправки, штети покриени со осигурување кои се изведуваат без неоправдано задржување во попатните пристаништа или во одреденото пристаниште непосредно после завршување на осигуреното патување, ако пловниот објект за тоа време не може да се користи за наменетата цел, но во никој случај не подолго од 15 дена почнувајќи од денот кога пловниот објект пристигнал во одреденото пристаниште.

Ако со знаење или со согласност на осигуреникот дошло до значајно отстапување од осигурената релација (промена на патувањето, скршнување од патот, неоправдано

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански“ бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

задоцнување и сл.), осигурувачот не е во обврска да надомести штета ако настане после тоа отстапување.

Од третиот став од овој член се исклучуваат оние случаи за отстапување кои се направени во интерес на осигурувачот или со цел за спасување на луѓе во животна опасност (вклучува и давање на лекарска помош), или кога отстапувањето немало големо влијание на појавата односно на големината на штетата како и во случаи на спасување на државниот имот од поголема вредност кој припаѓа на некоја домашна, странска или меѓународна добротворна организација, или давање на помош на друг пловен објект кој се нашол во незгода.

## XIV. СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 22

Вредноста на осигурениот пловен објект која е договорна и утврдена во полисата за осигурување (договорна вредност) е задолжителна за осигурувачот и за осигуреникот и во полисата се наведува како "договорна вредност".

Осигурувачот може да ја оспори договорната вредност само ако е во прашање некоја видлива грешка или ако во голема мерка ја преминува вистинската вредност на осигурениот предмет, така што надоместот на штетата врз основа на таквата вредност би довело до голема неоправдана добивка за осигуреникот.

Ако сумата на осигурување е посебно искажана за трупот, а посебно за моторот, односно опремата или инвентарот, тогаш кај посебната хаварија обврската на осигурувачот се ограничува до определената сума за одделните делови од пловниот објект.

Ако во полисата за осигурување не е посебно договорена и утврдена вредноста на пловниот објект како вредност на пловниот објект за потреба од осигурување се зема неговата вредност на почетокот на осигурувањето (вистинска вредност).

Вредноста на која пловниот објект е осигурен т.е. осигурената сума претставува максимална обврска на осигурувачот. Над осигурената вредност, осигурувачот е должен да даде надомест на трошоците за спасување во смисла на член 6 од овие Услови за осигурување.

## XV. ПОДОСИГУРУВАЊЕ И НАДОСИГУРУВАЊЕ

### Член 23

Ако осигурената вредност е помала од вистинската вредност на пловниот објект, осигурувачот е во обврска да ја надомести штетата покриена со осигурување во сразмерен однос помеѓу осигурената вредност и вистинската вредност на пловниот објект.

Ако осигурената вредност е поголема од вистинската вредност на пловниот објект, при ликвидација на штета ќе се земе во предвид само вистинската вредност на осигурениот пловен објект, при што осигурувачот не е должен да ја врати премија на осигуреникот која е платена за разликата помеѓу осигурената вредност и вистинската вредност на пловниот објект.

Одредбите од овој член ќе се применуваат и во случај на вториот став од член 22 на овие Услови за осигурување.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански“ бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

**Осигуреникот е должен:**

**1. Општи обврски:**

## XVI. ОБВРСКИ НА ОСИГУРЕНИКОТ

### Член 24

а) за време на склучување на договорот за осигурување да ги пријави сите околности кои ги знае или морал да ги знае бидејќи се значајни за процена на ризикот;
б) да плати премија за осигурување пред или непосредно после склучување на договорот за осигурување;
ц) да води грижа како добар домаќин за пловниот објект за време додека трае осигурувањето;
2. Обврски при настанување на осигурен случај,
а) да ги преземе сите разумни и потребни мерки за да се избегне односно намали штетата:
б) да ја пријави незгодата на пристанишните органи, а доколку се работи за кражба, провална кражба - измама, одземање или друго кривично дело и да поднесе пријава на надлежниот полициски орган;
ц) да го извести осигурувачот веднаш, а најдоцна во рок од 3 дена штом дознае за штетата;
д) да ги преземе сите правни и други мерки за да се обезбеди и да ги сочува сите права спрема лицата одговорни за настанување на штетата. На барање на осигурувачот веднаш да му ги врачи сите потребни документи,а посебно документот за отстапување на своите права(цесија) спрема лицата одговорни за штетата;
е) на барање на осигурувачот да обезбедат повеќе понуди од бродоградилишта или соодветни сервиси за поправка на оштетениот пловен објект;
3. Обврски при поднесување на барање за надомест на штета;
Осигуреникот е должен на барање на осигурувачот да му достави податоци и сите документи и останатите доказни средства кои се потребни за утврдување на карактерот, причината, основот и висината на штетата и останатите околности врз чија основа може да се утврди правото на надомест од осигурувачот.

Осигуреникот со штетата ги приложува следниве доказни документи:

- оштетно барање или пријава за штета на осигуреникот или оштетената странка;
- записник за штетата од капетанијата, или од надлежниот државен орган;
- полиса за осигурување на пловниот објект;
- фактура или друг доказ за вредноста на пловниот објект;
- други докази и коресподенција во врска со настанатата штета;

## XVII. ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ

### Член 25

Осигурувачот е должен:

1) На барање на осгуреникот да издаде полиса за осигурување врз основа на добиените податоци од осигуреникот;
2) Да го исплати надоместот од осигурувањето во рок од 15 дена после доставеното оштетно побарување од осигуреникот со сите податоци и документи со кои се утврдува правото на надомест и висината на штетата од договорот за осигурување.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

**Осигурувачот има право:**

## ПРАВА НА ОСИГУРУВАЧОТ

**Член 26**

1) Да го утврди карактерот, причината, основот и висината на штетата, а осигуреникот се обврзува на осигурувачот тоа да му го овозможи и да му ја даде потрбаната помош;
2) Да ја надгледува поправката .
3) Да бара фактурата за штетата или поправката да ја прегледа и потврди стручно лице или вештак кој ќе го одреди осигурувачот.
4) При првото осигурување да изврши контрола на пловниот објект, за вредноста состојбата и регистрацијата и да направи записник ако го прифати во осигурување.

## XVIII. ПРЕМИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 27**

Осигуреникот е должен на осигурувачот да му ја плати целата премија за склученото осигурување пред или во моментот на склучување на договорот за осигурување.

Ако се договори премијата да се плаќа во рати, во случај на штета, премијата веднаш стасува за наплата. Одредбите од претходниот став се применуваат само во случај ако со договорот биле покриени и штети настанати пред склучување на тој договор.

Осигурувачот е должен наплатената премија да му ја врати на осигуреникот доколку договорот за осигурување е поништен без вина на осигуреникот.

Во случај на спогодбено раскинување на договорот или продажба на пловниот објект, осигуреникот има право на враќање на дел на про рата премија на секои навршени и неискористени 30 дена .

При враќање на премијата, осигурувачот има право да задржи дел од премијата во висина која е предвидена за трошоци на работењето при склучување на осигурувањето.

При надомест на штета, осигурувачот има право од надоместокот на осигурувањето да ја одбие сумата на премијата која осигуреникот ја должи

## ФРАНШИЗА

**Член 28**

Осигуреникот, во секоја штета учествува со 5 % од осигурената вредност.

Висината на франшизата се договара и утврдува во моментот на издавање на полисата за осигурување, а зависи од состојбата, староста, одржувањето и местото на чување на пловниот објект.

## РЕГРЕСНО ПРАВО

**Член 29**

По исплата на оштета од ова осигурување осигуреникот, на осигурувачот му ги пренесува со цесија сите права кои тој ги има спрема трети лица одговорни за настанатата

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

штета и тоа до висина на исплатената оштета.

Осигуреникот е должен да ги преземе сите можни мерки, да ги сочува своите права спрема трети лица одговорни за сторената штета, да ги обезбеди на соодветен начин и писмено да му ги пренесе на осигурувачот на негово барање, како и да му даде помош во остварувањето на истите.

Ако поради пропуст на осигуреникот се изгуби делумно или целосно регресното право, осигурувачот има право при исплата на оштетата да ја намали оштетата во висина на изгубеното регресно право.

## ПРИМЕНА НА УСЛОВИТЕ

**Член 30**

Овие Услови се применуваат за осигурување на пловни објекти во внатрешни води, доколку не се во спротивност со овие Услови, на осигурувањата склучени според овие Услови се применуваат и Општите услови за осигурување на имот.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Осигуреникот, односно договорувачот, доколку е физичко лице, има право да поднесе жалба во однос на осигурувачот, осигурителните брокерски душтва, друштвата за застапување во осигурувањето и застапниците во осигурувањето, до Агенцијата за супервизија на осигурување како надлежен орган на супервизија на друштвата за осигурување, согласно со Законот за супервизија на осигурувањето.

Во случај Осигурувачот и Осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, Осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од Осигурувачот, до Второстепена комисија за решавање на штети по приговор.

Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основниот граѓански суд Битола.

Овие Услови влегуваат во сила по нивното донесување.